ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-201/10**

**Дата: 09.08.2010**

ДО
ОПШТИНА ЖЕЛИНО

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Буџетот на општина Желино за 2009 година.
Не е извршена ревизија и не е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на Општина Желино за претходни години.
Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на општина Желино за 2009 година.
Општина Желино не е влезена во втора фаза на фискална децентрализација, поради не исполнување на пропишаните критериуми согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Сметката на општина Желино е блокирана од 2008 до март 2010 година со судски извршни решенија за наплата на стари неизмирени обврски наследени од претходни години кои изнесуваат 80,940 илјади денари .
Од 2008 до 2009 година општина Желино има платено обврски во износ од 30,543 илјади денари .
Во текот на 2010 година склучени се спогодби за одложено плаќање на обврски во вкупен износ 51,780 илјади денари. Пренесените обврски од 2008 во 2009 година се 75% од вкупно евидентираните обврски во 2009 година. Во однос на Буџетот вкупните обврски се поголеми за 64%, а во однос на остварените приходи за 168%.
За покривање на привремениот недостиг на средства, со Одлука од 2010 година од Министерство за финансии, одобрена е долгорочна позајмица во износ од 12.000 илјади денари.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

За надминување на проблемите околу финансиската состојба во општина Желино не е започната посебна постапка и не е формирана Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општината.
Општина Желино нема донесено ребаланс на буџетот иако остварувањето на приходите е 61,29 %. Неусогласеност на остварените буџетски приходи и расходи со планираните има и во изминатите години, што допринело до преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот, и истите се префрлени во наредните фискални години.
Општина Желино нема воспоставено систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на даночните приходи.
Не е извршено целосно ажурирање на базата на податоци кај данокот на имот, при проценка на имотот комисијата не работи во комплетен состав и согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот .

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност со законските прописи на сметката на Буџетот на општина Желино за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија и не е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Буџетот на општина Желино за годините кои и претходат на годината која е предмет на ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ќенан Алиу, градоначалник до 13.04. 2009 година и
- Фатмир Изаири , градоначалник од 14.04. 2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на

сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Буџетот на Општина Желино за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на

постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.03. 2010 до 12.04.2010 година кај Општина Желино од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на 29.06.2010 година.

На ден 22.07.2010 година со писмо број 12-201/8 примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-201/3 од 29.06. 2010 година, од поранешниот градоначалник.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме

постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите по основ на даноци и комунални такси, кое придонесува за можност од помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината, поради следното:

- не се донесени пишани процедури со кои ќе се дефинираат надлежностите и одговорностите при утврдувањето, наплатата и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги на вработените на општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на приходите;
- нема назначено раководител на одделение за локални даноци и такси и не постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите, односно не се врши контрола на висината на пресметаните даноци и надоместоци.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Желино да донесе пишани процедури, во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите, при утврдување и пресметки на даноците на имот и на специфични услуги, на вработените во општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Општина Желино во Буџетот за 2009 година има планирано приходи и расходи во износ од 56,350 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 34,538 илјади денари, расходи 34,502 илјади денари, и е остварен вишок на приходи во износ од 36 илјади денари. Приходите се остварени со 61,29% во однос на планираниот износ, а расходите со 61,23%. Во текот на 2009 година извршен е ребаланс на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во износите утврдени со истиот. Согласно член 36 точка 3 од Законот за буџетите и член 29 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината.

Неусогласеност на остварените буџетски приходи и расходи со планираните има и во изминатите години, што допринело до преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредните фискални години.

**Препорака:**
Одделението за финансиски работи во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

3.2.2. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Желино со состојба на 31.12.2009 година не е целосно извршен во делот на пописот на побарувањата што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, односно не е утврден правниот основ за нивното постоење и старосната структура на истите. Како резултат на ова, општината не може да изврши реално планирање на можните приходи од наплата на даноци од минати години.
Ова придонесува за прикажување на нереални состојби во сметководствената евиденција и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата, да врши попис на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

3.2.3. Сметката на општината е блокирана, со судски извршни решенија за наплата на стари неизмирени обврски наследени од минати години, од февруари 2008 до март 2010 година. За овој период по основ на извршни судски решенија и тужби обврските на Општина Желино изнесуваат 80,940 илјади денари (од што 64,313 илјади денари главен долг).
Од јануари 2008 до април 2010 година Општина Желино има платено износ од 30,543 илјади денари од кои: главен долг 22,364 илјади денари, камата 6,104 илјади денари и процесни трошоци 2,075 илјади денари.

Со оглед на тоа што се исполнети условите за финансиска нестабилност, согласно член 39 став 2, Министерството за финансии за нестабилната финансиска состојба не е писмено известено од страна на градоначалникот и советот на општината. За надминување на проблемите околу финансиската состојба во општина Желино не е започната посебна постапка и не е формирана Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општината.
Со цел деблокирање на сметката, општина Желино во текот на 2010 година склучила спогодби за одложено плаќање на обврски во вкупен износ од 51,780 илјади денари, со што е симната блокадата на сметката. По спогодбите платен е износ од 969 илјади денари, во текот на 2010 година треба да се плати износ од 20,246 илјади денари, до април 2011 година износ од 692 илјади денари и до крајот на 2012 година износ од 29,873 илјади денари на рати.
Со оглед на тоа што обврските ги надминуваат можностите за отплата, односно за регулирање на обврските по судски решенија и тужби Министерството за финансии на општина Желино и одобрува позајмици и тоа:

- согласно одлука на Владата на Република Македонија од 12.02.2008 година, краткорочна позајмица во износ од 5.000 илјади денари, со рок на враќање

најдоцна до 31.12.2008 година. До денот на завршување на ревизијата, поради блокирана сметка, општина Желино не ја вратила позајмицата, и

– со одлука број 51-1973/1 од 10.04.2010 година одобрена е долгорочна позајмица за покривање на привремен недостиг на средства(деблокирање на сметката) во износ од 12.000 илјади денари, средствата се уште не се префрлени. Средствата се одобрени за период од пет години со грејс период од една година. Средствата ќе се враќаат во годишни ануитети во износ од 3.000 илјади денари почнувајќи од 10.04.2012 до 10.04.2015 година

**Препорака:**
Градоначалникот и советот на општина Желино да ги утврдат реалните можности за надминување на финансиската нестабилност и да изготват План на мерки и активности за надминување на состојбата и редовно да го известуваат Министерството за финансии за преземените мерки и активности во насока на трајно деблокирање на сметката, во спротивно Министерството за финансии да преземе мерки согласно законските одредби.

**3.3. Финансиски извештаи**

3.3.1. Утврдивме дека приходите по основ на даноци на имот се нецелосни и не реални поради следното:

- не е извршено целосно ажурирање на базата на даночни обврзници, поради што најголем дел од решенијата за 2009 година се издадени со старата основица преземена од Управата за јавни приходи во 2006 година. Во тек е проценка на имотот на физички лица;
- при проценка на имотот за утврдување на данокот на имот комисијата не секогаш работи во полн состав, (за некои населени места се ангажира по едно лице од секое населено место);
- проценка на имотот за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок врши претседателот на комисијата за проценка и вработените, но не и членовите на комисијата;
- при пресметката не секогаш се земаат сите елементи од Методологијата за утврдување на пазарната вредност, и прифатените критериуми за зони и цени на градежното земјиште кои не се усвоени од Советот на општината;
- кај неколку предмети и покрај тоа што во договорот е договорена повисока купопродажна цена, направена е проценка со пониска вредност како даночна основица за утврдување на данокот на промет;
- не се преземени мерки за присилна наплата, што не е во согласност со член 54 од Законот за даноците на имот;
- не е извршено усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности согласно член 39 точка 2 од Законот за даноците на имот, и

- регистарот на недвижен имот не е доставен до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи до 31 декември 2009 година, согласно член 39 точка 3 од Законот за даноците на имот.

**Препорака:**

1. Даночното одделение на општина Желино да изврши следните работи:
- ажурирање на регистарот на недвижен имот за физичките лица;
- усогласување на базата на податоци за даночни обврзници на данок на имот со Агенцијата за премер и катастар на недвижности;
- регистарот на недвижен имот да се доставува до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи до 31 декември тековната година;
- да контролира дали записниците за проценка се изготвуваат од страна на Комисијата за проценка на недвижниот имот;
- да се преземат мерки за присилна наплата на даночните обврски, и
2. Советот на општина Желино да донесе Одлука за цените на земјиштето (пазарни цени) имајќи ги во предвид елементите од Методологијата за утврдување на пазарната вредност.

3.3.2. При ревизијата на приходите по основ на комунална такса за истакната фирма искажани во финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди дека истите се не комплетни бидејќи не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2009 година со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

**Препорака:**

- Градоначалникот да формира комисија која на терен ќе ја утврди фактичката состојба на обврзниците за комунална такса за истакната фирма
- даночното одделение на општина Желино да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса со податоците од Централниот регистар на Република Македонија

3.3.3. При утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности утврдено е дека во текот на 2008 и 2009 година со решение од градоначалникот место да се врши уплата на пропишаната уплатна сметка за приходите по овој основ, на даночните обврзници е наложувано да плаќаат обврски по фактури во име на општината. Ова е спротивно на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи, каде е точно дефинирано овој вид на приход каде треба да биде уплатен. На овој начин се платени фактури за извршени услуги во вкупен износ од 433 илјади денари,

Причините за ваквата појава се должат на долгогодишната блокада на сметката на општина Желино. На овој начин се нарушува и принципот на сметководственото начело на готовинска основа, начелото на парично искажување на приходите и расходите и се придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Уплата на даночните обврски да се врши согласно издадено решение на соодветната приходна сметка .

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2.3. и 3.3. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Буџетот на Општина Желино на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Буџетот на Општина Желино, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Во однос на настанување на финансиска нестабилност на општините, еден од условите е надминување на максималните ограничувања за задолжување во согласност со членот 39 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.
Во Законот задолжувањето е дефинирано како постапка за создавање на финансиски обврски со склучување на договор за заем и/или издавање на хартии од вредност. Пристигнатите обврски кон добавувачите што произлегуваат од должничко - доверителските односи, кои ги надминуваат условите на плаќање кои се вообичаени, кои се една од причините за финансиската нестабилност кај голем дел од општините немаат третман на услов за настанување на финансиска нестабилност на општините.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. На основа расположивата документација, дадена на увид од надлежните во Општина Желино, во врска со блокадата на жиро сметката и дел од претходно наведените обврски, сметаме дека е потребно да истакнеме одредени констатации а се однесуваат на спроведени постапки за јавни набавки и извршени градежни

работи кои не се во согласност со член 12 став 2, член 29, 30 став 1 и 2, член 36, член 46, 47, 53, 54, 55 и 84 од Законот за јавни набавки (законот во важност до 01.01.2008 година) и член 72, 74 и 75 од Законот за градење, и тоа за следното:

По пресуда ПС.бр.93/08 склучена е спогодба за одложено плаќање на обврските до крајот на 2012 година на износ од 49,873 илјади денари, а се однесува за повеќе изведени работи и тоа по:

- Отворен повик 02/04 за изградба - асфалтирање на локален пат кон село Челопек, во одлуката за јавна набавка нема предвидено планирани средства, без: тендерска документација, записник за евалуација, известување до понудувачите за избор. За извршените вложувања на ревизијата не е доставен на увид проект, градежен дневник, записник од надзор и технички прием;
- Отворен повик 04/07 забрзана постапка зимско одржување на локалната патна мрежа на подрачјето на општина Желино за период 2007/2008 година, во одлуката за јавна набавка нема: планирано средства за набавка, спецификацијата не е потпишана од надзор туку од градоначалник;
- Отворен повик 02/05 за набавка и вградување на асфалтна маса за крпење на ударни дупки на улици и локални патишта во општина Желино, без тендерска документација;
- Отворен повик 03/06 чистење на диви депонии и транспорт на смет, има само објава во Сл. весник на РМ, на ревизијата не е доставена друга документација;
- Отворен повик за изведба на локален пат Крстец- Седларево, нема градежен дневник, записник од надзор и технички прием;
- за изведба на локален пат село Ларце, во должина од 1 км, без: проект, градежна книга, градежен дневник, извештај од надзор и технички прием;
- без постапки за јавна набавка во вкупен износ 24,355 илјади денари изведени се работите за: изведба на локален пат село Требош, Палатица и Узурмиште и изведба на локален пат село Желино, реконструкција локален пат село Желино во 2005 година, спортско игралиште во ОУ с. Седларево, систем за водоснабдување Желино (за кој нема проект, градежен дневник, технички прием), зимско одржување за 2004/2005 и 2005/2006 година (спецификацијата за извршена работа потпишана од градоначалник, не и од надзорен орган).

Скопје, 04.08. 2010 година

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 11.134 | 8.517 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1.003 | 838 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 22.401 | 18.361 |
| Домашно задолжување | | 0 | 5.000 |
| **Вкупно приходи** | | **34.538** | **32.716** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 13.460 | 10.616 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2. | 6 | 11 |
| Стоки и услуги | 3.4.3. | 5.579 | 371 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 7.253 | 19.320 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **26.298** | **30.318** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | **3.5.** | **8.204** | **1.708** |
| **Вкупно расходи** | | **34.502** | **32.026** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **36** | **690** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 Декември**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 36 | 690 |
| Побарувања | 4.1.2. | 20.923 | 19.825 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20.959** | **20.515** |
| **Вкупна актива** | | **20.959** | **20.515** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 20.959 | 20.515 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **20.959** | **20.515** |
| **Вкупна пасива** | | **20.959** | **20.515** |

**До : Државен Завод за Ревизија**
**Ул. Македонија 12/3**
**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 22.07.2010
12-201/8

Врз основа на жлен 30 став 2 од Законот за Државна Ревизија ( „ Службен весник на РМ „ , бр.66/2010 ), а во врска со Ваш допис бр.12-201/7 од 29.06.2010 година Ви доставуваме следното :

**ПРЕДМЕТ : Забелешки – Дообјаснување ( врзано само за прашања кои се однесуваат за временскиот период од 13.04.2005 до 13.04.2009 година ).**
***В р с к а*** **: Нацрт Извештај 2010 04 18/1, 2, 3.**

*Почитувани,*

Почитувајќи Вашата професионалност и компетентност, но само поради потребата за дообјаснување на нештата, нашето мислење се сведува на следното:

**Врска : Нацрт Извештај – сметка буџет 2010 04 18/1 страна 8, 9 и 10.**

- Во однос на отворен повик бр.04/2007 – зимско одржување на локалната патна мрежа за период 2007/2008 би требало спецификацијата да е потпишана и од овластено лице од надлежното одделение, а минатите периоди мониторингот на зимското одржување често пати на лице место низ патните правци го извршив и лично, заедно со претседателите на Месните Заедници или нивни претставници од дотичните населени места. Со изминивање на зимскиот период секогаш со записник било констатирано дека менаџиравме квалитетно зимско одржување со соодветна количина на сол, песок и соодвета механизација согласно оперативниот план како за ридско планинските села така и во рамничарските населени места.
- Во однос на отворен повик бр.03/2006 веројатно се работи за чистење на дивата депонија во н.м.Требош која беше запалена и по реакција на на жителите и надлежните, поради еколошки причини истата беше

1

исчистена од единствен апликант во објавениот оглас за ова набавка и дел од депонијата поред река Вардар во седиштето која беше неопходно за да им се овозможуваше на Агенцијата за Млади и Спорт отпочнување на активностите за изградба на фудбалско игралиште согласно програмата на Владата на РМ, во спротивно ќе пропаднеше инвестицијата, а денеска општината има во своја сопственост општинско игралиште со сите услови и параметри.

- Во однос на отворен повик бр.02/2005 сметам дека од надлежните Ви беа доставени на увид комплет досието за спроведената постапка согласно законските прописи. Имено , Отворен оглас објавен во ( „ Службен весник на РМ „ , бр.42/2005 стр.74) , под бр.02/0806-87/2 каде предмет на барањето за прибирање понуди беше – набавка и вградување на асфалтна маса за крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици во општина Желино и набавка и поставување на навлака д-5 цм. на поголеми поворшини односно должина.
 - Одлука бр.0806-87/1 ; Записник бр.0806-144/1 ; Извештај бр.0806-149/1 ; Евидентен лист бр.0806-144/2 ; Решение за избор бр.0806-149/2; Известување бр.0806-149/3 ; Договор бр.0806-170/3 и коплетна придружна документација на апликантите. Значи се работи за асфалтирање со навлака од 5 цм. со реконструкција на контуинирана должина на патните правци кон с.Требош во должина од 3.2 км. с.Палатица - с.Озормиште 1 км. Делница околу еден км во н.м. Желино кон школото и крпење на ударни дупки во патните правци во подрачјето. ( *поради огромен материјал која беше контролиран можеби се работи за превид* ).
 Спортското игралиште во ОУ с.Седларево е асфалтирано со мој налог веднаш по завршување со асфалтирање на делница на патот Крстец – с.Седларево, бидејќи локацијата беше подготвена за асфалтирање , а оградена со донација, а и поради фактот што асфалтирањето на истата според секоја логика кога механизацијата се наоѓало близу н.м.Седларево ова активност секако е поевтин по брз и во полза на учениците кои триесет години немале школско игралиште , а особено поради фактот што н.м. Седларево има ридско – планински статус и е одалечено триесте км. од седиштето а додека од регионалниот пат Р-402 – Групчин е одалечено 18 км.

- Водоснабдителниот систем во седиштето Желино е воспоставен паралелно со кан.мрежа 2003/2004 ( до крајот на 2004 година ), службите ме известиле дека Ви беа посечени записниците за технички прием на изведена должина на водоснабдителниот систем и канализационата мрежа , записници бр.0806-27/2 , 3 од 28.02.2005 година (пред да стапим јас во функција). Во точно сознание сум дека Главен проект и одобрение за градба и други документација за водоснабдителната мрежа за седиштето има.

2

- Во однос на отворен повик бр.02/2004 наведувам дека се работи за отпочнат проект – изградба на локален пат с.Стримница – с.Челопек пред примопредавање на должноста а во сознаније сум дека за истата е спроведена постапка.

- Исплатениот износ по малку од половина од износот наведен во страна 8 за 2008 година се должи на долгата блокада на сметка а исклучиво се работи за исплата на услуги од страна на ЈП.Македонски телекомуникации, Македонски пошти , Теле-ком, за потребите на општината на одреден начин по моите сознанија се евидентирани, но можеби не согласно упатството за начинот на евидентирање , распоредување и поврат на јавните приходи.

**Врска : Нацрт Извештај – сметка орган на општина Желино бр.2010 04 18/2 страна 7 , 8 и 9.**

- Во однос на т.3.3.4 првиот пасус наведувам дека се работи за набавка и поставување на бекатонски плочки во училишните дворови и патеки во н.м. Церово , Чифлик и Рогле , со спроведена постапка 2007 година доколку се сеќавам, а реализираната работа беше инаугурирана пред родителите, учениците, наставниците и стручните работници во училиштата на наведените н.м. со транспарентен отчет. Налог имало но доставувањето на фактурите е сторено во почетокот на 2009 година колку што дознав од оправдани објективни причини од страна на изведувачот.

- Во однос на вториот пасус од т.3.3.4 наведуваме дека што се однесува за проект водоснабдителен систем за н.м. Стримница – ПРВА ФАЗА ( бидејќи е изведена и втора фаза ) ЕЛС поседува главен проект целокупната документација до договорот и град. книга ( можеби се работи за превид).

- Во однос на отворен повик бр.2/2006 на сознаније сум дека е спроведена постапка согласно прописите а службите ме известија дека досието ви беше доставено на увид. Имено делница од локалниот пат кон с.Седларево е изведено од ПП „ Голец Транс „ а додека делницата од 1.5 км беше изведено од ЈП „ Македонија пат „ од која сметаме дека градежниот дневник беше писмено побарано да се достави на дали тоа е сторено не се сеќавам. Имено за отворен повик 02/2006 го наведувам Одлуката бр.08-8/1 од 05.01.2006 година, текстот на повикот бр.08-8/2 , дописот до ЈП„ Службен весник на РМ „ бр.08-8/3 и останата документација која е во архивата на општината.

3

- Во однос на јавната набавка од мала вредност во 2005 година за изградба , реконструкција и одржување на јавно улично осфетлување во подрачјето на општина Желино , на сознание сум дека се работи за правно лице која истата ја изведувал и минатите години , на која им долживме како наследен долг за изведените работи и е спроведена постапка.

- Поради инаугурацијата на општинската административна зграда беше неопходно поставување на бекатон плочките и истите се сеќавам дека беа набавени од претпријатието која ја вршил изградбата на објектот бидејќи претпријатието со која имавме договор за бетонски плочки во тој миг немал залихи во плацот бидејќи се работи за крајот на ноември месец , а додека уредувањето на паркот пред оптината е изведен со истите единечни цени на специјализираното претпријатие од нашата општина од која беа набавени и засадени зимзелени засади и дрвца предходно за зелениот појас во седиштето и училишните дворови.

- Информатичка опрема е набавено делумно во зависност од реализираните вработувања на државните службеници во 2006/2008 година.

- Во врска со Анекс договорот за фекалната канализациона мрежа во н.м. Желино сметаме дека за истата побаравме мислење од Бирото за јавни набавки и подготвеноста на претпријатието за продолжување со изведбата во околности кога во основниот договор од 2003 година немаше ниедна одредба која временски ја лимитираше важноста, напротив согласно член 7 од договорот стоеше дека извршување на работите може да биде продолжен од одредни причини. Службите ме известија дека на увид Ви беа доставено целокупното досие од 2003 година , мислењето од бирото и др. Сите списи благовремено беа доставени до Министерството за Транспорт и Врски а средствата поради блокираната сметка на општина согласно подзаконските акти во координација со Министерството за финансии е отворена наменска сметка во која беше трансферииран износот наменет за наведениот проект. Имено , се работи за сложен проект за изведба наа главната канализациона мрежа , а и согласно Законот за градење ваков целисходен изведен проект од еден изведувач по конкретно се мониторира и се бара одговорност од колку стотина метри крак на мрежата да се изведе од еден, стотина од друг, километар од трет изведувач и т.т.

4

**Врска : Нацрт Извештај – сметка наменски дотации бр.2010 04 18/3 .**

Немам забелешки , Напоменуваме дека во 2005 година изменацираме план заедно со дирекциите на ОУ ги исплативме сите настанати обврски на училиштата према доверителите и сметаме дека до крајот на 2008 година немаше обврски, а дотацијата беше распределена согласно формулата на МОН поточно на Владата за дотацијата за општините за Образованието а усогласно со Советот.

Почитувани,

Од Вашите препораки и Нацрт Извештајот научив многу нешта кои сметам дека ќе ми бидат во полза во животот. Сакам да истакнам дека со добивање на мандатот еден од приоритетите ми беше да оформиме модерна и професионална администрација.
Мандатот ја отпочнав во просториите на бившата 33 „ Братство „ каде администрацијата беше сместена десет години под закуп во три канцеларии, а затекнав осум вработени со се техничкиот персонал. Како што и самите се уверивте со заеднички сили изградивме нова општинска зграда во 2006 година. Со трансферот на надлежноста од областа на урбанизмот системирав двајца стручни лица трансферирани од ПЕ согласно законот. Во 18 декември 2006 година се преселевме во новиот објект, а во текот на 2007 година согласно законските прописи вработивме тројца дипломирани економисти, двајца дипломирани правници од кои четворица од нив денеска имаат над три години работно искуство а едниот дваесетипет , вработивме и други државни службеници т.е. конституиравме одделението за администрирање со приходи, одделението за урбанизам и градежништво, одделението за образование, нормативно – правно одделение, одделението за буџет и финансии, протоколот и др. Во еден од огласите немаше пријавен дипломиран економист со над пет години работно искуство во областа а намерата беше да се вработи внатрешен ревизор како законска обврска, еден оглас исто така пропаднал поради тоа што немаше пријавен градежен инж.архитект со или без работно искуство. Услови со објектот оствариме, и покрај долгите процедури за вработувања сметаме дека полека ке се дојде до оформување на стручна и модерна администрација во општината, бидејќи со кадровските ресурси, со едена солидна и професионална администрација можеме да бидеме во услуга на граѓаните за нивните права и обврски и се разбира за владеењето на правото.

Почитувани , ќе беше голема препутентност да тврдам дека во временскиот интервал 04.04.2005 година до 13.04.2009 година кога на чело на ЕЛС бев јас како градоначалник немаше пропусти или грешки. Пропусти или грешки се случувале несакајќи без злонамера или од други објективни околности.

5

Чуствувам потреба да го истакнам фактот, а и самите се уверивте дека половина од *75-те проценти* пренесени обврски од 2008 во 2009 година ( наведени 18/1 стр. 1 ) од вкупните евидентирани обврски во 2009 година се наследени обврски пред 2005 година, одреден процент е креиран долг а одреден процент долг према ЕСМ – ЕВН за јавното улично осветлување. **Нешто од наследниот долг врз основа на судските налози и во 2005/2006 беа исплатени, а креираниот долг не можевме да го избалансираме поради фактот што долго време во правен поредок беше во сила УПАТСТВОТО за начинот на извршување на налози за извршување и решенијата за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка ( „ Службен весник на РМ., бр.137/2006), која беше укината од страна на Уставен Суд на РМ со одлука бр.96/2008 од 24.08.2008 година, како спротивно со уставот и законите а со која не беа заштитени наменските приходи од централната власт како што е случајот со упатството која е во сила во 2009 година.**

Што се однесува до исполнетите услови за финансиска нестабилност, наведуваме дека во тоа време над триесет општини во земјата поради наследни обврски беа во финансиска нестабилност , некои дури и со фрапантни долгови , за истата имавме неколу средби 2007/2008 година заедно со други колеги од доточните општини со раководството на МФ, а МФ официјално преку ЗЕЛС беше известена за состојбите. Неколку пати тогаш ни беше ветено од најодговорните во МФ а и од Владата на РМ дека ќе се превземат мерки. По огромните напори за нашата општина е одобрена позајмица во 2008 година, а со изменувањето и дополнувањето на Законот за финансирањето на ЕЛС која се случила 2009 година и долгорочната позајмица во износите наведени во нацрт – извештајот.

Се надевам дека Вашите препораки и сугестии целосно ќе се земаат во предвид и во разумен рок пропустите ќе се коригираат а препораките ќе се имплементираат.

Се разбира, многу нешта не зависат од еден човек туку и од многу други околности и можности.

Со почит.

15.07.2010 г.

Поранешен Градоначалник на
Општина Желино
Ќенан Алиу

6

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**

**Дата:**

**Прилог број 2**

Одговор на забелешки
по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор
за Општина Желино

На Нацрт извештајот број 12-201/3 за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Желино за 2009 година на – Сметка на Буџетот добиени се забелешки од поранешниот градоначалник на општината заведени под број 12-201/8 од 22.07.2010 година.

Забелешките се разгледани од ревизорскиот тим и по истите е констатирано следното:

Забелешката на наодот од **точка 3.3.3. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека поради блокадата на сметката и не можноста да се платат трошоците по основ на поштенски и телефонски услуги е постапено на начин како е утврдено во наодот. Односно наместо приходите да се уплатуваат на уплатните сметки според Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи, на даночните обврзници им е наложувано да плаќаат фактури во име на општината.

Забелешките на **точка 6.1.** во која всушност се нагласуваат прашањата кои во иднина ќе имаат влијание на финансиските извештаи а се однесува на блокадата на сметката, **не се прифаќаат**. Точка 6.1. нема влијание на изразеното ревизорско мислење. По пресуда ПС.бр.93/08 склучена е спогодба за одложено плаќање на обврските до крајот на 2012 година на износ од 49,873 илјади денари. И покрај донесената пресуда ревизијата изврши увид во документацијата која се однесува на градежни работи во врска со оваа пресуда. За одделните алинеи дадени се

забелешки кои се сведуваат на објаснувања за одредени постапувања без да бидат доставени докази.

Забелешките на **алинеја 1** во врска со отворен повик број 02/2004 всушност се однесува на објаснување дека градоначалникот има сознание дека е спроведена постапка за јавна набавка пред преземање на функцијата од негова страна. Комплетна документација за спроведената постапка за јавна набавка ниту за време на ревизијата ниту во постапка на забелешки не и е доставена на ревизијата.
Забелешката на **алинеја 2** за отворен повик 04/07 всушност го потврдува укажувањето на ревизијата дека нема потпис од надзорен орган, туку само од градоначалникот, кој потврдува дека мониторингот на зимското одржување на патните правци го вршел лично со претседателите на месните заедници.
Забелешката на **алинеја 3** во однос на отворен повик 02/05 **не се прифаќа,** од причина што укажувањето од ревизијата е дека во добиеното досие нема тендерска документација. Во своето објаснување градоначалникот наведува други факти без да бидат дополнително доставени нови докази.
Забелешката на **алинеја 4** во однос на отворен повик 03/06 **не се прифаќа,** во овој случај не се работи за забелешки туку се објаснува која е причината за такво постапување, без дополнително да бидат доставени релевантни докази кои би влијаеле на утврдената состојба од ревизорите.
Забелешката на **алинеја 7** во однос на асфалтирање на спортско игралиште во ОУ во с. Седларево **не се прифаќа**, бидејќи не се работи за забелешка туку објаснување зошто не е спроведена постапка за јавна набавка.
Забелешката за некомплетната документација во врска со систем за водоснабдување Желино, всушност е објаснување на градоначалникот дека според неговите сознанија овие документи постојат. Но истите не се презентирани на ревизорите ниту за време на ревизија ниту во прилог на забелешките.